**2021003015**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20) и член 36 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јануари 2021 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА

### Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Република Северна Македонија во 2021 година се заснова на Законот за социјалната заштита, Законот за социјалната сигурност за старите лице, Законот за семејството, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за вработување на инвалидните лица, Законот за употреба на знаковниот јазик, Законот за инвалидски организации, Законот за цивилни инвалиди од војната, кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

Со оваа програма поблиску се уредуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.

Со оваа програма се предвидува подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните.

Оваа програма се заснова на политиките и определбите на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, со која се имплементираат стратешките приоритети за тековната година, Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ и Акцискиот план за спроведување на стратегијата, Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2021 година и Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Во остварувањето и развојот на социјалната заштита во 2021 година, значајно место ќе има спроведувањето на ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 која е стратешки механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика.

Процесот на Европска интеграција на Република Северна Македонија понатаму ќе претставува значаен механизам на взаемен дијалог со Европската Комисија преземање и спроведување на активности и мерки согласно утврдените национални приоритети за намалување на сиромаштијата и постигнување на одржлив развој до 2030 дел од Агендата 2030 на Европската Унија и Целите за одржлив развој на ООН.

Во оваа насока ќе се следат и меѓународните документи, конвенциите и препораките, меѓу кои се: Програмата за Стратегијата за социјална кохезија на Европскиот комитет за социјална кохезија, Рамката за соработка за одржлив развој на Обединетите нации 2021-2025 клучен документ на Владата на Република Северна Македонија кој ја определува стратешката и правна рамка и стратешките приориte за одржлив и инклузивен економски и социјален развој за постигнување квалитетна социјална заштита и социјални услуги.

**Подрачја на социјална заштита**

Преку системот на социјалната заштита се остваруваа парични права и тоа како право на гарантирана минимална помош, еднократна парична помош, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок заради попреченост, надоместок на плата за скратено работно време, траен надоместок и право на социјална сигурност за старите лица.

Во периодот на пандемијата од COVID-19, Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба, со кој документ пристапот до правото на гарантирана минимална помош за лицата на кои им престанал работниот однос во време на пандемијата се олеснува сметано од април до декември 2020 година, така што во овој период 5.500 домаќинства се стекнаа со ова право. Воедно, со овој акт се овозможи паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството се обезбедува континуирано на месечна основа во текот на 2020 година.

Со цел за ефикасен одговор на системот за социјална заштита, во насока да се овозможи олеснет пристап до правото на гарантирана минимална помош на домаќинствата кои ќе останат без сопствени средства за егзистенција во време на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), донесен е Закон за дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20). Овој пропис ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година, така што ќе се овозможи пристап до правото на гарантирана минимална помош за времетраењето на состојбата со актуелната состојба на пандемијата во нашата држава.

Со усвојување на измени на Законот за социјалната заштита, ќе се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години возраст.

Унапредувањето и развивањето на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и вклучување на општините и давателите на услугите во испораката на истите, ќе продолжи и во 2021 година.

Во оваа насока, започна со имплементација Проектот за подобрување на социјалните услуги кој е финансиран со кредит од Светска банка. Имено, преку овој проект се имплементираат значајни активности како поддршка на реформата на системот за социјална заштита, во рамките на кои се спроведе постапка за обезбедување на финансиска и стручна поддршка на општините и давателите на социјални услуги, со цел за воспоставување на нови социјални услуги во локалната заедница. При крајот на 2020 година се разгледаа добиените апликации за развој на социјални услуги, врз основа на што се одобрени 24 проекти од општините за доделување на потребни средства за воспоставување и обезбедување на социјални услуги. Во 2021 година ќе се распише нов повик до општините за развој на нови 10 социјални услуги.

Во 2021 година, ќе се склучат управни договори со лиценцирани даватели на социјални услуги за давање на социјални услуги и тоа за лична асистенција, живеење со поддршка и сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности. Цената на социјалните услуги за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година е утврдена во Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за дневен престој, за вон-семејна социјална заштита и за стручна помош и поддршка за 2021 година, донесена од министерот за труд и социјална политика бр 10-8020/1 од 17.12.2020 година, изготвена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 264/19).

Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 во Република Македонија „Тимјаник“, ќе се имплементира преку активностите предвидени во Акциониот план за спроведување во 2021 година, особено преку активностите поврзани со спроведување на процесот на деинституционализација и постепена трансформација на установите за лица со попреченост во менталниот и телесниот развој, односно Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје, Специјален завод Демир Капија и Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица.

Овие активности ќе се поддржат преку проектот „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“ финансиран од Европската Унија, преку отворање на станбени единици за преместување на корисници од Демир Капија. Во рамките на овој проект, во ЈУ Специјалниот завод Демир Капија од март 2020 година тече имплементацијата за деинституционализација на возрасните корисници од установата, преку воспоставување на услуги за вонсемејна заштита во заедницата за околу 120 корисници од Установата или преселба на околу 40 корисници годишно. Проектите ќе се имплементираат во период од 36 месеци (2020-2023). Во следниот период се планира да се воспостават услуги за вонсемејна заштита во заедницата за околу 27 корисници и тоа: 12 корисници од ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и 15 корисници од ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци -Топанско Поле. Во поглед на развојот на услуги во заедницата, освен услуга живеење со поддршка, во Специјалниот завод Демир Капија за првпат во земјата ќе се воведе услугата одмена на семејна грижа, за што ќе биде искористен објектот „Депанданс“, чија темелна реконструкција заврши во март 2020 година, во Бања Банско се развиваат планови за рехабилитација и професионална рехабилитација на лица со физичка попреченост, додека Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле ќе продолжи да функционира како дневен центар и ќе прерасне во современ центар за професионална рехабилитација на лица со попреченост. Во трите институции се разгледува можноста да се нудат други услуги во заедницата, како лична асистенција или помош и нега во домот.

Во текот на 2020 година се унапреди мрежата на специјализирани сервиси жртви на семејно насилство, за обезбедување психо-социјална поддршка и советување на жртви на семејно насилство, кои активности ќе продолжат и во текот на 2021 година.

Ќе продолжи реализацијата на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата. Со оваа програма ќе се обезбедат средства за рефундирање на трошоци платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил од корисниците во текот на 2021 година.

Во 2021 ќе продолжи имплементацијата на Програмата за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри за 2021 година преку финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија, за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2021 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

## III. Потреби на населението и социјалната превенција

### 1. Развој на социјалната заштита

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе ја следи и оценува Координативно тело, врз основа на донесениот Оперативен план за имплементација на оваа програма за 2021 година, а во согласност со мерките од реформата на системот на социјална заштита, со цел за создавање на можности за ефикасен одговор и справување со идентификуваните предизвици во делот на социјалната заштита, сиромаштијата и социјалната вклученост.

Министерството за труд и социјална политика започна со имплементација на Проектот за унапредување на социјалните услуги со финансиска поддршка, кредит од Групацијата Светска Банка, кој има за цел да го подобри пристапот до услугите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и пристапот до социјални надоместоци и услуги од социјална заштита. Имено, активностите на проектот се насочени кон развој на политики, поставување на сеопфатен систем на социјални услуги и системско спроведување на реформираните услуги преку проширена мрежа на даватели на социјални услуги, техничка помош и обуки за поддршка и зајакнување на капацитетот на локалната власт.

### 2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост

Прашањата за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост, ќе бидат опфатени со ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022, кој документ се изготвува во тесна соработка и координација со Европската комисија, како нов стратешки механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика.

Процесот на деинституционализација ќе претставува еден од приоритетите во системот на социјалната заштита. Имено, ќе продолжи функционирањето на постоечките 18 станбени единици за организирано живеење со поддршка и тоа 9 станбени единици во Неготино и 9 станбени единици во Град Скопје, за 87 корисници со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст. Давателот на оваа услуга е здружение избрано на јавен конкурс.

Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ ќе се имплементира согласно мерките и активностите, предвидени со Акцискиот план за спроведување на овој документ. Во оваа насока фокусот ќе биде на воспоставување на алтернативни облици на заштита во заедницата. Преку овие активности ќе се создадат услови за деинституционализација на сместените деца и возрасни лица во сите установи во системот на социјална заштита.

Во функција на подигнување на грижата кон старите лица, во текот на 2021 година ќе отпочнат активностите за изготвување на стратешки документ за заштита на старите лица на среден и долг рок.

Со цел соодветна заштита на бездомните лица, во 2021 година ќе продолжи соработка со Црвен Крст на Република Северна Македонија за функционирање на четирите Регионални интервентни прифатилишта за бездомни лица и тоа во Скопје, Битола, Струмица и Струга.

Социјалната заштита на децата без родители и без родителска грижа, како и за децата во ризик, ќе се реализира во насока на почитување на стандардите за социјална интеграција во општеството и почитување на правата на децата утврдени со Конвенцијата

за правата на децата на Организацијата на обединетите нации. Во оваа насока, ќе се јакнат капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита и ќе се развива мрежата на згрижувачки семејства, а особено воспоставување на специјализирани згрижувачки семејства.

Во 2021 година ќе се имплементираат проекти од областа на социјалната заштита на здруженија избрани на јавни огласи, кои финансиски ќе се поддржат од страна на Министерството за труд и социјална политика. Со оваа активност ќе бидат реализирани проекти за обезбедување на психосоцијална поддршка и специјализирани услуги за особено ранливи категории (деца во социјален ризик, жртви на семејно насилство и социјално исклучени лица).

**3. Активности поврзани со приближување на законодавството во областа на социјалната заштита кон законодавството на ЕУ**

Во текот на 2021 година, ќе се ревидира Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика, така што ќе се предвидат мерки и активности за намалување на сиромаштијата и социјалното вклучување за ранливите граѓани, за период до 2022 година.

**4. Тековни активности во социјалната заштита**

Во областа на социјалната заштита се спроведуваат активности во насока на подобрување на заштитата на граѓаните, подобрување на квалитетот на услугите и социјалната превенција.

**4.1. Превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца**

Во 2021 година ќе се продолжи со активности за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија, како и превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца, преку Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување.

**4.2. Вклучување на здруженија, на приватната иницијатива и на физички лица во социјалната заштита**

Ќе продолжи соработката со инвалидските организации и националните сојузи на лица со инвалидност на Република Северна Македонија, согласно со одредбите од Законот за инвалидски организации.

Министерството за труд и социјална политика, ќе спроведе постапка за обезбедување и доделување средства за давање социјални услуги од здруженија и приватни даватели на социјални услуги согласно Законот за социјална заштита. Во 2021 година, преку овие постапки ќе се овозможи давање на социјални услуги за живеење со поддршка, лична асистенција и третман и рехабилитација во терапевтска заедница од лиценцирани даватели на социјални услуги.

**4.3. Социјална заштита на бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица и повратници од реадмисиони договори**

Покрај редовната грижа за внатрешно раселените лица, активностите на Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе бидат насочени кон програми со кои ќе се стимулира враќањето на овие лица во местото на живеење и трајно

решавање на проблемот на одреден број на внатрешно раселени лица. Во однос на бегалците, односно лицата со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, Министерството за труд и социјална политика ќе преземе мерки за олеснување на процесот на интеграција на овие лица, согласно со Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2021 година. Во оваа насока, за овие лица, во текот на 2021 година ќе се направат напори за имплементација на поголем број на активности.

**4.4. Инспекциски надзор**

Со инспекцискиот надзор во социјалната заштита, во 2021 година се очекува понатамошно активно спроведување на надзорот над спроведувањето на Законот за социјалната заштита, во однос на остварување на правата и услугите од социјалната заштита и исполнување на условите за вршење на дејноста од социјалната заштита.

**IV. Средства за остварување на социјална заштита**

Средствата за остварување на Програмата за социјална заштита за 2021 година во Буџетот за 2021, на Раздел 150.01 предвидени се следниве буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 40–Центри за социјална работа и Завод за социјални дејности. Во 2021 година на оваа потпрограма, се предвидени буџетски средства во износ од 563.456.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 1.059.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 1.065.000 денари и средства од донации во износ од 530.000 денари.
2. Потпрограма 41–Дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита. Во Буџетот за 2021 година, на оваа потпрограма се планирани 87.646.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 100.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 30.000 денари и средства од донации во износ од 138.000 денари.
3. Потпрограма 42–Установи за институционална социјална заштита. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани 233.502.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 14.256.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 4.660.000 денари и средства од донации во износ од 2.457.000 денари.
4. Потпрограма 4А–Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани 31.100.000 денари.
5. Потпрограма 46–Деинституционализација и социјални услуги. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани средства во износ од 246.235.000 денари.
6. Потпрограма 47–Подобрување на социјалните услуги. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани средства во износ од 421.800.000 денари, за финансирање на активностите предвидени со Проектот за подобрување на социјалните услуги, со средства од заем со Светска Банка.
7. Потпрограма 50–надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани 6.263.470.000 денари и тоа на ставка 471-5.660.000.000 денари за социјални надоместоци, кои ќе се распоредат за:

- гарантирана минимална помош (домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува),
- надоместок заради попреченост (заради поттикнување на социјална вклучување и еднакви можности на лице со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот),

- надоместок за помош и нега од друго лице (за лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи),

- надоместок на плата за скратено работно време (поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, кое право родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето),

- додаток за домување (за материјално и станбено необезбедени лица кои до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст),

- траен надоместок (за згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство и родител кој се грижел за детето со попреченост),

- еднократна парична помош (на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството),

- право на здравствена заштита (корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок заради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисници на вон-семејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и лице-жртва на трговија со луѓе, само доколку не можат да се стекнат со осигурување по друг основ),

- право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство ќе се исплатува на семејствата кои во семејството ќе згрижат лице, корисник на социјална заштита,

- сместување во ученички домови или други установи на деца без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете) и дете со нарушено поведение, а за кои центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, воспитување, образование и нормален развиток на детето,

- парична помош за социјална сигурност за старите лица (над 65 годишна возраст, кое има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето и доколку лицето и неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница нема/ат во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето).

- на ставка 433-120.000.000 денари трансфери до Фондот за здравствено осигурување и

- на ставка 464–483.470.000 денари за разни трансфери.

8. Потпрограма 51–надоместоци за цивилни инвалиди од војната. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани 61.000.000 денари.

9. Потпрограма 54–надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма се планирани вкупно 10.000.000 денари средства од основен буџет, од кои на ставка 471, 7.000.000 денари се наменети за исплата на права за лицата со

признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и баратели на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија и на ставка 433 за право на здравствена заштита 3.000.000 денари, се наменети за право на здравствена заштита на лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита.

10. Потпрограма П1–Мерки за справување со COVID-19 кризата. Во Буџетот за 2021 година на оваа потпрограма, на ставка 471 се планирани средства во износ од 1.400.000.000 денари средства од заем од Светска банка, за гарантирана минимална помош.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, со напомена дека во 2021 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени правата од 2020 година.

V. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12935/1-20
5 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.